Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица Уп1 бр.02-197 од 22.05.2023 година, согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-2231/4 од 30.05.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 16-та седница одржана на 29.05.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, и тоа:

- за истапување на физичкото лице Јанко Мицев, со ЕМБГ [redacted] и адреса на [redacted], Струмица, со учество од 100% во основната главнина и

- за пристапување на правното лице Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЦИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица, со ЕМБС 7563493 и седиште на ул.„Мануш Турновски“ бр.15, Струмица, чии сопственици се: физичкото лице Васко Јорданов, со ЕМБГ [redacted], со учество од 50% во основната главнина и физичкото лице Никола Милушев, со ЕМБГ [redacted] со учество од 50% во основната главнина.

2. Се задолжува Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-197 од 22.05.2023 г., ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за неговата намера да спроведе промена на сопственичката структура на друштвото.

Се утврди дека доставеното Известување за промена на сопственичка структура Уп1 бр.02-197 од 22.05.2023 г., од страна на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230134392 од 23.05.2023 г. за Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЦИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица; „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230134410 од 23.05.2023 г. за физичкото лице Васко Јорданов и „Информација за поврзани субјекти (овластени

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, бр.0820-50/150020230134413 од 23.05.2023 г. за физичкото лице Никола Милушев, од кои е видно дека:

Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради, се јавува како: содружник во Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАР ГРУП ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз с.Градошорци, Василево, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) и сопственик на Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКО СОЛАР ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва).

Физичкото лице Васко Јорданов се јавува како: содружник во Друштвото за рибарство, сточарство, производство, трговија и транспорт РИБНИК БЕЗГАШТЕВО ГОРИЦА ДОО увоз-извоз с. Русиново, Берово, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 03.22 – Слатководна аквакултура (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва); сопственик на: 1) Друштвото за производство, трговија и услуги ГУДИС ФУДС ДООЕЛ Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 47.24 – Трговија на мало со леб, печива, колачи и слатки во специјализирани продавници (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва); 2) Друштвото за производство, трговија и услуги МОБИ СЕЛ ДММ ДОО увоз-извоз Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 47.42 – Трговија на мало со телекомуникациска опрема во специјализирани продавници (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва); 3) Друштвото за промет и услуги АВТО ШКОЛА СИТИ СТАРТ ДОО Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 85.59 – Друго образование, неспомнато на друго место (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) и 4) Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги ЕЛИТ БИЛДИНГ ДОО Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва); овластено лице на подружницата, сопственик и управител на Друштвото за промет и услуги ВАМИКО БЕТ ДООЕЛ Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 92.00 – Дејности на коцкање и обложување; сопственик и управител на: 1) Друштвото за производство, трговија и услуги ВАМИКО ГРУП ДОО увоз-извоз Струмица, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 35.11 – Производство на електрична енергија (ова правно лице не се јавува како основач на трговски друштва) и 2) Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица (податоците за ова правно лице се прикажани погоре); управител на Друштвото за производство, трговија и услуги СОЛАР ГРУП ЕНЕРЏИ ДОО увоз-извоз с.Градошорци, Василево (податоците за ова правно лице се прикажани погоре).

Физичкото лице Никола Милушев се јавува како сопственик на: 1) Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица; 2) Друштвото за промет и услуги АВТО ШКОЛА СИТИ СТАРТ ДОО Струмица; и 3) Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги ЕЛИТ БИЛДИНГ ДОО Струмица (податоците за овие правни лица се прикажани погоре).

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот: „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020230134472 од 23.05.2023 г., од која е видно дека физичкото лице Васко Јорданов се јавува како вистински сопственик на следниве правни субјекти: Друштво за рибарство, сточарство, производство, трговија и транспорт РИБНИК БЕЗГАШТЕВО ГОРИЦА ДОО увоз-извоз с. Русиново, Берово; Друштво за производство, трговија и услуги ГУДИС ФУДС ДООЕЛ Струмица; Друштво за производство трговија и услуги МОБИ СЕЛ ДММ ДОО увоз-извоз Струмица; Друштво за промет и услуги ВАМИКО БЕТ ДООЕЛ Струмица; Друштво за производство, трговија и услуги ВАМИКО ГРУП ДОО увоз-извоз Струмица; Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица и Друштво за промет и услуги АВТО ШКОЛА СИТИ СТАРТ ДОО Струмица.

Исто така, Агенцијата обезбеди документ: „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“, бр.2007-50/150020230134494 од 23.05.2023 г., од која е видно дека физичкото лице Никола Милушев се јавува како вистински сопственик на следниве правни субјекти: Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица и Друштво за промет и услуги АВТО ШКОЛА СИТИ СТАРТ ДОО Струмица.

Оттука, по извршената промена на сопственичка структура, единствен сопственик на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица ќе биде правното лице Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги СИНЕРЏИ ГРУП ИНЖЕНЕРИНГ ДОО Струмица, со ЕМБС 7563493 и седиште на ул.„Мануш Турновски“ бр.15, Струмица, чии сопственици се: физичкото лице Васко Јорданов, со ЕМБГ [redacted]

[redacted], со учество од 50% во основната главнина и физичкото лице Никола Милушев, со ЕМБГ [redacted] со учество од 50% во основната главнина.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со спроведувањето на промената на сопственичката структура на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичката структура Уп1 бр.02-197 од 22.05.2023 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-197**

**30.05.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет, с.р.**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.